# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 14 Април 2016 година<br>Скопје<br>Бр.4 Год. XI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 год. . . . . . стр.2

2. Одлука за утврдување Нацрт -ДУП за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров – Скопје; . . . . . . . . . . стр.4

3. Одлука за Измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ за 2016 година, „Ф1“, Подпрограма за урбанистичко планирање; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.8

4. Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финасис ко учество за изградба на улица „2“; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.11

5. Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финасиско учество за изградба на улица „Црногорска 2“ со краци 4,6,8,10 и 12; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.13

6. Одлука за ко-финансирање на проектот "Реконструкција на локален пат : с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка “ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.15

7. Одлука за изградба на просторни спортски вежбални во населените места во Општина Ѓорче Петров . . стр.17


**Април 2016 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.04.2016 година.

**Број 09-1100/1**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен Весник на РМ“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/2010, 180/2011, 171/2012 и 192/2015) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница одржана на 14.04.2016 година донесе:

## ОДЛУКА
## За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година

### Член 1

Со Одлуката се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година на следниот начин:

| Потпрограма потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 80.000 | 0 | 0 | 0 | |
| **FA0 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482120 Изградба на улици, патишта и автопати | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FD0 УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482120 Изградба на улици, патишта и автопати | -2.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J70 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | |
| 482720 Изградба на системи за водоснабдување | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 Надзор над изградбата | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

### Член 2

Одлуката стапува на сила од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ и станува составен дел од Буџетот на општината за 2016 година.

**Број 08-952/3**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт С3 07, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт С3 07, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.04.2016 година.

**Број 09-1100/2**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), член 23 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, на 48-та седница одржана на 14.04..2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување Нацрт -Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Со одлуката се утврдува Нацрт -Детален урбанистички план за **градска четврт СЗ 07,** Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Нацрт - Деталниот урбанистички план, во целост ги почитува одредбите на ГУП на град Скопје (Службен гласник на град Скопје бр. 8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ"51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.63/12; 126/12, 19/13; 95/13; 167/13; 125/14; и 148/14;). и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. весник на РМ" бр.78/06 I 37/14).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува **Нацрт - Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петро-Скопје, со вкупна површина од 21,10ха.Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:**

- **Север Север** - осовина на новопланирана собирна улица „15";
- **Запад** - осовина на градска магистрална улица: булевар „Илинден"- „А" А.04 - С.06;
- **Југ** - осовина на градска магистрална улица „Словенечка" - „А" С.04 - В.03;
- **Исток -** осовина на регулација на корито на река Лепенец (се совпаѓа со дел од граница на плански опфат на ГУП за град Скопје од 2012год.)

**Член 3**

- **Нацрт - Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 07 , Општина Ѓорче Петров – Скопје** кој се утврдува, е изработен од Иванов инженеринг дооел – Битола, со технички број 0801-06-04/15.

Нацрт - Деталниот Урбанистички план е со следната **СОДРЖИНА:**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**СОДРЖИНА**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

Вовед

1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители на опфатот
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградена комунална супраструктура
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје
12. Други податоци за планскиот опфат
13. Нумерички дел

Графички дел:

1. Извод од ГУП на град Скопје со граница на плански опфат ................ 1 : 5000
2. Ажурирана геодетска подлога ...................................................... 1 : 1000
3. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ................ 1 : 1000
4. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд,
вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура.1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Вовед

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од ГУП на град Скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел

Графички дел:

1. План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градење, план на зеленило ............................ 1 : 1000
2. Сообраќаен план и нивелациски план ............................................ 1 : 1000
3. Инфраструктурен план ............................................................. 1 : 1000
4. Синтезен план .................................................................................. 1 : 1000

**Член 4**

Утврдениот Нацрт - Детален Урбанистички план се заверува со печат на Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје и потпис на претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Нацрт - Деталниот урбанистички план, со сите негови делови, се составен дел на одлуката и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-952/4**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**Совет на ОпштинаЃорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за Измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ за 2016година, „Ф1“Подпрограма за урбанистичко планирање**

Се објавува Одлуката за Измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ за 2016година, „Ф1“Подпрограма за урбанистичко планирање, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.04.2016 година.

**Број 09-1100/3**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02) и член 17 став 1 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15 и 31/16), член 84 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 7/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13, 44/15, 193/15, 226/2015 и 30/2016), член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница одржана на 14.04.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на**
**ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ „Ф“ во**
**„Ф1“ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**
**на Општина Ѓорче Петров за 2016 година во**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“, во делот „Ф1“ Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, објавена во („Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров број 13/15“).

**Член 2**

Во Глава I . Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање-Вовед, алинеја 5, зборот „планови“ се менува со зборот „проекти“ и се додава нова алинеја 6 која гласи „Проекти за инфраструктура“.

Во делот Трошоци за изготвување на урбанистички планови-табела Расходи:

Во Точка 1 - Изработка на Блок С3 (пренос од пред.година) после броевите „ 01, 05, 06, 09, 13, 14, 20, 21 и 24“ се додаваат броевите „02,07,11,12 и 16“.

Во Точка 2 се додаваат нови алинеи 3, 4 и 5 кои гласат „УПС Волково“, „УПС Кисела Јабука“ и „УПС Ново Село“.

Во Точка 3 алинеја 2, по зборовите „ за потреби на општината“ се додаваат зборовите „и иницијативи од правни и физички лица“.

Во Точка 3 алинеја 3, по зборовите „ за потреби на општината“ се додаваат зборовите „и иницијативи од правни и физички лица“.

Во Точка 3 се додава алинеја 4 која гласи „ Проекти за инфраструктура (за потреби на општината и иницијативи од правни и физички лица)“.

**Член 3**

Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“, во делот „Ф1“ Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за

2016 година, е составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2016 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ и Подпрограмата за урбанистичко планирање „Ф 1.“ на Општина Ѓорче Петров за 2016 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-952/5**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финасиско учество за изградба на улица „2“**

Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финасиско учество за изградба на улица „2“, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.04.2016 година.

**Број 09-1100/4**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на РМ" бр.79/09) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница одржана на 14.04.2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје**
**за финасиско учество за изградба на улица „2"**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Ѓорче Петров го прифаќа предлогот за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања за изградба на улица „2" предвидена со ДУП СЗ 15 (Реонски центар).

**Член 2**

Во остварување на соработката, Град Скопје ќе учествува со финанскиски средства обезбедени од Буџетот на Градот Скопје за 2016 година во износ од 4.301.310,00 денари, по принципот 100% финансирање.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Градоначалникот на Град Скопје ќе склучат Договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-952/6** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 14.04.2016 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финасиско учество за изградба на улица „Црногорска 2" со краци 4,6,8,10 и 12**

Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финасиско учество за изградба на улица „Црногорска 2" со краци 4,6,8,10 и 12, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.04.2016 година.

**Број 09-1100/5**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на РМ" бр.79/09) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница одржана на 14.04.2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финасиско учество за изградба односно реконструкција на дел од улица „Црногорска 2", со краци 4, 6, 8, 10 и 12 со вкупна должина од 882 метри**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Ѓорче Петров го прифаќа предлогот за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за изградба односно реконструкција на дел од улица Црногорска 2 со краци 4, 6, 8, 10 и 12 со вкупна должина од 882 метри.

**Член 2**

Во остварување на соработката, Град Скопје ќе учествува со финанскиски средства обезбедени од Буџетот на Градот Скопје за 2016 година во износ од 3.000.000,00 денари.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Градоначалникот на Град Скопје ќе склучат Договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-952/7**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот "Реконструкција на локален пат : с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка "**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот "Реконструкција на локален пат : с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка ", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.04.2016 година.

**Број 09-1100/6**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот на Град Скопје („Службен Весник на РМ“ бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница одржана на 14.04.2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на проектот "Реконструкција на локален пат : с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка “**

**Член 1**

Со Одлуката се одобрува ко-финансирање за реализација на проектот " Реконструкција на локален пат : с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка“ во должина од 6.645,00 метри чија вредност изнесува 10.350.257,00 денари, од која општината финансира 20% , односно 1.785.858,00 денари со вклучен данок на додадена вредност.

**Член 2**

Проектот "Реконструкција на локален пат : с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка“ со должина од 6.645,00 метри се одобрува за ко-финансирање со цел аплицирање од страна на Општината со проектен предлог до Министерство за Локална Самоуправа-Биро за регионален развој, од Програмата за развој на подрачја со специфични развојни потреби за 2016год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој со 20% од вкупната вредност на Проектот. За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Програмата за урбано планирање Ф Подпрограма ФД, уредување на просторот во рурални подрачја (капитални расходи), објавена во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/15“.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, на Позиција 482120-Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини, објавена во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.14/2015“.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-952/8** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 14.04.2016година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изградба на просторни спортски вежбални во населените места во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за изградба на просторни спортски вежбални во населените места во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.04.2016 година.

**Број 09-1100/7**
**Од 14.04.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница одржана на 14.04.2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За изградба на просторни спортски вежбални во населените места во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со Одлуката се одобрува изградба на просторни спортски вежбални во населените места во Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Изградбата на просторните спортски вежбални ќе се врши на следните локации и тоа: Во Урбана заедница Хром непосредно кај спортското игралиште, Урбана заедница Дексион непосредно кај урбаната заедница, Урбана заедница Мирче Ацев на ул.„Христо Батанџиев" непосредно кај повеќенаменското игралиште, Месна заедница Ново Село во дворот на ООУ„Тихомир Милошевски" и Месна заедница Волково непосредно кај повеќенаменското игралиште „Бранители".

**Член 3**

Вредноста за изградба на една просторна спортска вежбална изнесува 156.000,00 денари со вклучен данок на додадена вредност, односно со вкупна вредност од 780.000,00 денари со вклучен данок на додадена вредност за изградба на сите пет просторни спортски вежбални.

Средствата за реализација на одлуката се планирани во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година, во Програма ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи), објавен во (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.14/2015).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-952/9**
**Од 14.04.2016година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**